Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител - Национален превентивен механизам (НПМ) на **26.03.2014** година спроведе последователна посета на **Психијатриска болница Демир Хисар** во придружба на надворешни соработници од Здружението на психијатри, како и Здружението на форензичари од Институтот за судска медицина, врз основ на претходно склучени Меморандуми за соработка.

Целта на последователната посета е да се изврши оцена за спроведувањето на препораките од посебниот извештај на НПМ од 2012 година, како и идентификување на дополнителни ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Тимот на НПМ спроведе разговор со надлежните во болницата, а потоа со поделба на два подтима изврши увид во акутното одделение, одделението за хронични состојби, мешаното или адолесцентно одделение, судското одделение, одделението за алкохолизам, одделението за психогеријатрија, како и одделот за работна терапија, кујната и магацинот за прехранбени производи. При посетата беше спроведен и увид во медицински досиеја во посетените одделенија, како и документацијата за фиксација.

При последователната посета беше доставена програма за едукација на средномедицински персонал за 2014 година, а рпепорака на тимот на НПМ е да се продолжи со овој тренд, односно перманентно да се подржува едукацијата и на високообразованиот персонал од сите профили, вклучително и психијатрите, психолозите и социјалните работници.

Од страна на НПМ е констатирано дека во болницата е определена соба за фиксација на пациенти и во оваа просторија има повеќе кревети од кои два се фиксирани за подот. За време на фиксацијата надзор врши болничар а медицинската сестра повремено го посетува пациентот.НПМ изврши увид во неколку истории на пациенти кои биле присилно фиксирани како и спроведе разговор со  пациенти кои биле фиксирани. Беше утврдено дека се почитуваат сите процедури за фиксација, уредно се пополнува документацијата и се прати здравствената состојба

За време на посетата на Психијатриската болница Демир Хисар во акутните и хроничните оддели НПМ не доби поплака за односот на медицинскиот персонал, односно за начинот на кој се грижат за нивното здравје и за секојдневната комуникација. Од пациентите НПМ не доби поплака за употреба на прекумерна сила од страна на медицинскиот персонал за време на нивната хоспитализација. При вршењето на увид  на одделенијата при Психијатриската болница се изврши разговор со  дел од пациентите. Од разговорот со пациентите се доби податок дека во најголем

дел тие се задоволни од начинот на кој се грижи медицинскиот персонал за нив. Секојдневно се одржуваат визити и пациентите се во секојдневен контакт, како со докторите така и со останатиот медицински персонал. Побарувањата од пациентите, во однос на медицински прегледи и хигиена, медицинскиот персонал се труди да ги исполни во границите на своите можности.

Поплаките се однесуваа за зајакнатиот режим во судското одделение, особено за потребата од добивање дозвола од надлежен суд за користење на тераписки викенд.

Кај поголем дел од пациентите беше констатирана лоша состојба на забалото, која би требало да биде на повисоко ниво имајќи во предвид дека во состав на психијатриската болница има и стоматолошка ординација.

Во некои од одделенијата како што е машкото хронично одделение се доби податок дека капењето е групно што не би требало да биде, односно капењето треба да биде поединечно. Во геријатриските одделенија (машкото и женското) со оглед на нивната здравствена состојба, каде најголем дел од пациентите не можат да водат грижа за себе, потребно е да се капат по неколку пати во неделата.

Одделот за адолесценти е поделен на машки и женски дел, но една од пациентките се пожали дека попладне и навечер и додеваат машки пациенти во време кога вратите се отворени. Во оваа насока потребно е построга контрола и да не се дозволува влегување на машките пациенти во собите на женските пациенти и обратно.

При последователната посета НПМ беше информиран дека Психијатриската Болница Демир Хисар е влезена во планот за реновирање на Министерството за здравство –и тоа во втората фаза, што се очекува да започне оваа година.

Во однос на условите и состојбите во одделенијата беше констатирано дека дел од одделенијата се реновирани пред се санитарните чворови во одделението за алкохолизам, акутно женско, хроничното женско и геријатриско женско одделение. Но во однос на инвентарот, генерално во сите одделенија се забележува дотраеност на душеците, креветите и нецелосна постелнина, како и недостаток на орманчиња за лични потреби. Судското одделение е сеуште сместено во несоодветни простории, а нема ни судско женско одделение.

НПМ при последователната посета беше информиран дека за хигиена на болницата е ангажирана Агенција за чистење и дека болницата и дополнително обезбедува средства за чистење. Сепак при увидот беше утврдено дека хигиената не се одржува на квалитетно ниво, а особено беше присутен многу јак непријатен мирис во машкото хронично одделение како и во оделите за психогеријатрија.